Член 8

(1) Доколку воздухопловниот инспектор утврди дека е повреден пропис од областа на воздухопловството над чие спроведување се врши надзор, подготвува записник во кој се опишуваат констатираната состојба, детален опис на забелешките, насоки за затварање на забелешките во определен рок и други информации.

(2) Записникот се составува во рок од пет работни дена од денот на извршувањето на надзорот во три примероци од кои еден се доставува до субјектот на надзорот, еден за воздухопловниот инспектор и еден за Агенцијата.

Член 9

(1) Врз основа на записникот на воздухопловниот инспектор, субјектот на надзор во рок од десет дена од денот на приемот на записникот може да достави свои коментари.

(2) Агенцијата, доколку добие коментари од субјектот на надзор треба да му прати одговор во рок од 30 дена од денот на приемот, во кој го известува дали коментарите се прифатливи или не и дали насоките во записникот ќе бидат променети или останувaат ефективни.

(3) Доколку субјектот кој е предмет на надзор, не ги достави бараните информации или документи и не постапи по насоките од записникот, директорот на Агенцијата донесува решение согласно член 182 од Законот за воздухопловство со кое може да нареди определени активности и/или да поведе прекршочна постапка согласно важечките прописи.

(4) За преземените активности согласно став (3) на овој член, Агенцијата доставува информација до патникот кој поднел пријава.

(5) Преземените активности од страна на Агенцијата согласно став (3) на овој член, не го спречуваат правото на патникот за судска заштита на своите права.

Член 10

Надзорот на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај го вршат овластени воздухопловни инспектори за патнички права кои покрај општиот услов од член 181 од Законот за воздухопловство треба да ги исполнуваат следните посебни услови:

а) успешно завршена обука за инспектор за патнички права согласно Програмата за обука на Агенцијата која како минимум треба да вклучува:

- обука за прописите на Република Македонија кои се однесуваат на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај, управна постапка и преземање на прекршочни мерки,

- обука за европските прописи за заштитата на патничките права во воздушен сообраќај кои се прифатени и транспонирани во прописите на Република Македонија како и за меѓународните судски случаи поврзани со тие европски прописи и

- обука за меѓународно воздухопловно право;

б) висока стручна подготовка - Правен факултет – правни студии;

в) најмалку осум години работно искуство поврзано со воздухопловно право;

г) положен правосуден испит;

д) активно познавање на англиски јазик и

ѓ) други услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-15233/1 | Министер |
| 5 декември 2016 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Владо Мисајловски,** с.р. |

---

**4772.**

Врз основа на член 173 став (2) и член 181, а во врска со член 177 и 179 од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПРАВИЛАТА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НА АЕРОДРОМИ, ЛЕТАЛИШТА, ТЕРЕНИ И НА ДАВАЊЕТО НА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ИНСПЕКТОР

Член 1

Во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги и посебните услови кои треба да ги исполнува инспектор (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/13) во членот 23 во точката 1) по зборовите: “Воздухопловен инспектор за” се додаваат зборовите: “градежна инфраструктура на”.

Точката б) се менува и гласи:

“б) има висока стручна подготовка – градежен факултет или архитектонски факултет; ”.

Во точката в) зборовите: “има валидно и важечко овластувања” се заменуваат со зборовите: “има или имал овластување”.

По точката 1) се додава нова точка 1-а) која гласи:

“1-а) Воздухопловен инспектор за електро-технички инсталации на аеродроми треба да:

а) има успешно завршена обука за инспектор за аеродроми согласно Програмата за обука на Агенцијата која како минимум треба да вклучува:

- обука за прописите на Република Македонија кои се однесуваат на условите за планирање, проектирање, изградба, одржување, регистрација и сертификација на аеродроми, управна постапка, континуиран надзор на аеродроми и преземање на казнени и прекршочни мерки и

- обука за меѓународните стандарди за планирање, проектирање, изградба, одржување и сертификација на аеродроми кои се прифатени и транспонирани во прописите на Република Македонија;

б) има висока стручна подготовка –електро-технички факултет;

в) има работно искуство од најмалку десет години во струката, од кои најмалку пет години во воздухопловството и

г ) има активно познавање на англиски јазик.".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 01-15235/1 | Министер |
| 5 декември 2016 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Владо Мисајловски,** с.р. |

## АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

**4773.**

Врз основа на член 23-а став (5) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16), директорот на Агенцијата за млади и спорт донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВРВЕН ТРЕНЕР ЗА РАБОТА ВО СПОРТСКА АКАДЕМИЈА ЗА МЛАДИ ТАЛЕНТИ И ВРВЕН АКТИВЕН СПОРТИСТ

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат критериумите за определување на врвен тренер за работа во спортска академија за млади таленти и врвен активен спортист за подготовки и учество на меѓународни натпреварувања, кои можат да користат средства остварени од надоместоци за спорт согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри.

Член 2

Врвен тренер за работа во спортска академија за млади таленти е лице кое е:

- истакнат спортски педагог, стручно лице-тренер, државјанин на Република Македонија или странец кој има завршено најмалку вишо образование во областа на спортот или стекнато лиценца од највисок степен добиена од соодветна меѓународна спортска асоцијација за работа во односниот спорт;

- тренер кој работел со тимови и спортисти и со нив освоил најмалку една национална титула во младинска или сениорска конкуренција или

- тренер кој има остварено високи спортски резултати со спортисти, екипи и репрезентации од сениорски и највозрасни младински категории остварувајќи со нив пласман во првата половина на листата на учесници на регионални, европски и светски првенства, за што има податоци/докази во завршните билтени од односните натпревари објавени од организаторот и односната меѓународна асоцијација.

Член 3

Врвен активен спортист за подготовки и учество на меѓународни натпреварувања е лице кое е:

- спортист државјанин на Република Македонија, запишан во регистарот на спортисти што го водат спортските клубови и националните спортски федерации, кои имаат решение за вршење дејност спорт;

- спортист кој се има стекнато со категориите спортист од меѓународна категорија и спортист од светска категорија и се натпреварува во националниот и меѓународен систем на натпревари во тековната година;

- спортист државјанин на Република Македонија, кој настапува во националниот и меѓународен систем на натпревари и кој не бил суспендиран од националната или меѓународна асоцијација согласно нивните акти во тековната година;

- спортист кој настапува во репрезентациите и тимовите во екипните спортови кои се натпреваруваат во квалификациски и завршни турнири на регионални, европски и светски првенства организирани од односната меѓународна спортска асоцијација во тековната година;

- спортист кој има настапувано на меѓународен натпревар, во индивидуални спортови организирани од односната меѓународна федерација и се има пласирано во првата половина на листата на учесници во спортска дисциплина што е застапена на програмата на меѓународниот систем на натпревари во надлежната меѓународна асоцијација, за младинци и сениори, во машка и женска конкуренција;

- спортист младинец или сениор кој во годината што тече постигнал национален рекорд во спортски дисциплини што се застапени во националниот и меѓународен систем на натпревари за младинци и сениори, во машка и женска конкуренција во индивидуални спортови, кои се мерат со ЦГС-системот, а националната и меѓународна асоцијација водат листа на официјални национални и меѓународни рекорди;

- спортист младинец или сениор кој во годината што тече настапил во финалето во спортски дисциплини што се застапени во националниот и меѓународен систем на натпревари за младинци или сениори, во машка и женска конкуренција во индивидуални спортови во кои се натпреваруваат двајца спортисти/спортистки;

- спортист младинец или сениор кој исполнил норма за учество на европско или светско првенство во младинска или сениорска конкуренција пропишана од односната меѓународна асоцијација;

- спортист младинец или сениор кој исполнил норма за учество на олимписки и параолимписки игри, пропишана од односната меѓународна асоцијација и

- спортист младинец или сениор кој учествувал на последните зимски или летни олимписки игри или исполнил норми за учество на наредните олимписки игри.